| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Подготовки на животните за зима |
| **Содржина на денот** | Зајче без опавче |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Виолета Гаќевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за важноста од одржување хигиена на играчките и заедничко редовно миење на играчките. (слика1) |
| **Активност** | За да ги поттикнете музичките способности кај децата слушнете ја песничката „Зајче без опавче” - Златно славејче 2012 г. која има весел ритам. По слушањето на песната запрашајте го детето какви движења прави зајачето и дозволете да ви ги покаже (слика 2 и 3). Потоа заедно со детето правете имитативни движења според текстот и ритамот од песната при тоа изведувајќи движења соодветни за возраста на детето. Танцувајте со детето додека тоа пројавува интерес и желба за танцување. Во текот на танцувањето може со детето да го повторувате рефренот. Во наредните денови може да ја слушате, пеете и забавувате со Вашето дете.<br>Искористете го убавото време со прошетка до ЗОО градина и посета на детскиот дел каде ќе може да ги храните и зајачињата. |